Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 27.05. 2020 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на педесетипрвата итна седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Педесетипрвата итна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **28. 05. 2020 година (четврток ) со почеток во 09:00 часот во големата сала на Општина Свет**и Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

**Точка 1**

Предлог – Одлука за поништување на Одлука за утврдување на приоритетен проект “Зајакнати туристички производи и зајакнување на вработувањето (EX-TOUR) за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ” бр.0801-797 од 18.05.2020 година;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за утврдување на приоритетен проект „Зајакнување на актрактивноста на прекуграничната област, преку промоција на културното и природното наследство и подобрување на вработувањето (SACUNA)“ за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ

**Бр. 0801- 800**
**27.05.2020 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**